Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

| Примено: 12.09.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4514/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп емитуван на 2 септември 2014 година

***<u>Предмет на надзорот:</u>***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, од 2 септември 2014 година, е констатирано **<u>прекршување на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации).

Во забавната емисија "Влези Вози" емитувани се прилози за новиот автомобил „Форд Фиеста" и за услугите на туристичката агенција „Балканет", кои ги содржат сите три елементи кои ги определуваат како прикриено рекламирање: неоправдано истакнување на производот или услугата, целта им е рекламирање и може да ја заведат јавноста во поглед на својата природа, а водителката пак, во свои најави, кафето „Елит" го промовира како најдобро македонско кафе и повикува да се посети продажниот салон на „Авточајка" каде што го има „вистинскиот избор". Во продолжение се дадени цитати од емисијата што ги покажуваат елементите на прикриено рекламирање.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Влези вози - реприза | 06:20:34 | 06:58:10 |

**Цитати од емисијата:**

**Водителка:** ..... Пред објективот на нашата камера ја имаме новата Форд Фиеста која е типична блондинка. Убава е однадвор, чудна е одвнатре и релативно забавна за возење. Секако, врвните својства веќе и не не изненадуваат кај еден Форд. Аеродинамична однадвор, чудна одвнатре, но и тоа како забавна за возење.

**Водителка:** ... Новата Форд Фиеста е помеѓу најстабилните автомобили во класата, едноставно како да вози по шини дозволувајќи многу енергично возење. Се одликува со импресивна бензинска економичност без да се загрози нивото на моќ и перформанси. На кратко ги издвојуваме следниве нејзини предности: модерен дизајн, врвни возни својства, рафинираност, удобност и што е најважно добар избор на мотори.........Новата Форд Фиеста ги комбинира современиот стил и ремек дело технологијата, секоја функција си знае да ви помогне да го извадите максимумот од вашиот ден. Во

пространо, дизајнираниот ентериер е вградена модерна технологија и модерни и модни детали. Резултатот е ентериер кој се чувствува потполно свеж со незаменливо ниво на префинетост. Екрани, копчиња и прекинувачите се интуитивни и едноставни за користење, додека топлото амбиентално осветлување, заедно со внимателно дизајнираните бојни ткаенини создаваат гостопримлива кабина.......... Прекрасно изработен, модерен ентериер полн со дизајнерски детали ве ̀ поврзува со карактеристиките кој ќе го направат вашиот живот полесен, поопуштен, поудобен и ќе направат да уживате. Напредните технологии ви помагаат да бидете безбедно поврзани како со патот, така и со комплетниот свет околу вас, оставајќи да уживате во секое возење.

**Водителка:** ... Богат вкус, арома, мирис, доаѓа во различни бои, облици, може да се комбинира со милион додатоци, секој ден може да има милион по различен вкус, кафето ви дава енергија и е најдобрата сатисфакција во текот на тмурното утро. За одличен почеток на денот одберете го најдоброто македонско кафе Елит кое совршено одговара и оди во комбинација со Пелистерка. Ги позајмивме нашите пријатели, во продолжение ќе слушнете што ќе добијат оние кој ќе се одлучат да летуваат со Балканет (туристичка агенција) во веќе добро познатите хит дестинации на соседните Грција и Албанија и ќе резервираат до 30–ти мај......Секогаш повеќе и секогаш во пресрет на оние кои го сакаат и заслужуваат најдоброто. Најодлучните секогаш добиваат повеќе, а Балканет им го обезбедува заслужениот летен одмор по неверојатни цени. Оние кои ќе се одлучат да летуваат со Балканет со веќе добро познатите хит дестинации на соседните Грција и Албанија и ќе резервираат до 30 – ти мај ќе добијат неверојатен попуст од 30% за плаќање во готово или плаќајте на 6 рати и без камати.... Патувајте удобно, сигурно и безбедно. Ова дефинитивно е лето на незаборавни моменти и вистинско уживање со Балканет.

**Водителка:**...Исто како комплетен нов паметен телефон, новата Форд Фиеста ги комбинира современиот стил и ремек дело технологијата. Секоја функција е создадена за да ви помогне да го извадите максимумот од вашиот ден и без размислување, кога ќе се решите да се подновите со нов автомобил посетете ги продажните салони на Авточајка, верувајте овде го имате вистинскиот избор.

**Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, од 2 септември 2014 година, програмата *"Влези вози"* содржи прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*12.09.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).